Татјана СТОЈАНОСКА

УДК: 37.013.42
316.624-053.5/.6:37

# УЧИЛИШТЕТО КАКО ЗНАЧАЕН ФАКТОР ВО ПРЕВЕНЦИЈАТА И СУЗБИВАЊЕТО НА ЗАВИСНОСТА ОД ДРОГА КАЈ МЛАДИТЕ

***Кратка содржина***

*Социјализацијата, како процес на пренесување норми и вредности и подготовка на младата личност за животот во општеството, претставува мошне значаен механизам за изградба и за формирање на карактерот и на севкупната личност на единката. Најзначајни фактори за социјализација се семејството и групата врсници, но секако не смее да се изостави и посебната функција на училиштето. Училиштето преставува втор дом на детето, институција каде што тоа се образува и се воспитува, а во ситуации кога семејството не посветува доволно внимание на социјализацијата, училиштето треба да го надополни пропуштеното. Тоа подразбира ставање посебен акцент на воспитниот процес на училиштето од страна и на наставниците, но и на стручните соработници. Денес, во време на кризи, слабеење на моралните норми и вредности, слабеење на семејната кохезија, зголемен процент на социопатолошки појави, а посебно зависноста од дрога, неминовна е улогата на училиштето како фактор во борбата против девијантните појави. Посебно е потенцирано значењето на училиштето во сузбивање на зависноста од дрога, бидејќи зависниците почнуваат да злоупотребуваат дрога на свои 13-14 години, периодот на адолесценција и времето кога детето голем дел од своето време го поминува на училиште и со своите врсници, кои најчесто се негови соученици и оттаму произлегува значајноста на училиштето во борбата против зависноста од дрога.*

***Клучни зборови:*** *УЧИЛИШТЕ, СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА, УЧЕНИК, МЛАДИНА, ЗАВИСНОСТ ОД ДРОГА*

## ВОВЕД

Современите општествени промени што се случуваат кај нас носат свои специфични обележја што се рефлектираат во сите сфери на општественото живеење. Тој период на промени се поима како време на рационални промени на институциите, но и на основните правила на живот на луѓето. Меѓутоа, тој период на рационални промени не е без тешкотии, без дилеми и противречности.

Во тие динамични промени, децата и младите се покажуваат како субјекти, кои се најчуствителни и најподложни на промени, а тоа е така пред сè поради фактот што во периодот на адолесценција се формира и карактерот на личноста, и во тој период, во најголема мерка се усвојуваат општествено прифатените норми и вредности, при што младата личност треба да оформи слика за себе и да стане свесна за сопствените желби, потенцијали и животни цели. Низата промени што се случуваат кај нив и во општеството, ги доведуваат младите да се најдат во јазот помеѓу старото и новото, растргнати помеѓу барањата на старата и на новата генерација, традиционалните вредности, од една страна, и бранот на нови вредности, од друга страна. Процесот на социјализација е посебно значаен во тој период, а посебно улогата на семејството, училиштето, групата врсници, мас-медиумите и сл., кои треба да влијаат позитивно пред сè во прифаќање на вистинските вредности, а отфрлање на негативните појави, пред сè девијациите, кои денес несвесно и мошне брзо ги голтаат младите луѓе.

Во динамичното транзиционото време, во кое живееме, сè повеќе слабее влијанието на семејството врз воспитувањето на дететто. Причини за оваа појава има повеќе, од кои би ги издвоиле: трансформацијата на семејството (премин од патријархално во егалитарно), слабеење на семејната кохезија и слабеење на семејните вредности, зголемениот обем на семејни обврски на родителите и неможноста да се носат во чекор со работните и со домашни ангажмани, преоптеретеноста на работно место, трката по егзистенција, а сето ова влијае на намалување на социјализаторскиот процес во семејството.

Во услови на изместени семејни вредности и недоволната активност на родителите во воспитниот процес, постои опасност од нивно застранување и прибегување во девијантни појави. За да се избегне секаква можност за девијантно поведение, пред сè злоупотребата на дрога, училиштата се тие, кои активно треба да се вклучат во воспитување на младите и да го надоместат и да го надополнат она што не се постигнало во семејната социјализација.

Имајќи ја предвид ситуацијата дека зависноста од дрога во последните десетина години кај нас е сè поприсутна, пред сè меѓу школската популација и младината, училиштата се обидуваат активно да се вклучат во спречување и во сузбивање на оваа појава на разни начини. Но кога една млада личност ќе прибегне кон девијантно однесување, откривајќи го тој факт, честопати родителите и училиштето меѓусебно се обвинуваат за пропустите. Нас-

тавниците им приговараат на семејствата дека не влијаат онака и онолку колку што во воспитниот процес влијаело некогашното семејство, дека децата доаѓаат во училиште недоволно воспитани, а од друга страна и родителите му приговараат на училиштето дека тоа сите свои сили ги концентрира на образованието и не посветува доволно внимание на своите ученици. Затоа, честопати, префрлувајќи си ја топката едни на други, го запоставуваат ученикот, а со тоа се создава и плодна почва за прибегнување кон девијантно однесување. Затоа училиштата треба да си ја преземат улогата на едукатори и воспитувачи, а наставниците, кои се дел од образовниот и воспитниот процес, целосно да се вклучат во едукација и воспитување на ученикот, бидејќи само на тој начин може правилно да се развие младата личност и само на тој начин може да се изгради здрава младина, која ќе биде ослободена од сите пороци, посебно од зависноста од дрога што преставува современ тренд меѓу младата популација. Токму училиштето треба да преземе низа активности за да го насочи ученикот кон правилен развој.

## Поимно определување на зависноста од дрога

Многу одамна човекот ги запознал дрогите како лекови со благотворно дејство, а подоцна доаѓа и до нивна злоупотреба. Зборот дрога доаѓа од францускиот збор drougue (Арнаудовски,1983), со кој се означува проста органска или неорганска материја што се употребува самостојно или со други составни делови како лек. Заедничка карактеристика на сите супстанции од овој вид е тоа што кај лицето што ја употребува создава зависност од неа. Според дефиницијата на Светската здравствена организација, дрога преставува секоја супстанција, која внесена во организмот, може да модификува една или повеќе функции (Шпадијер-Џиниќ, 1988).Во општествено прифатената дефиниција кај нас, дрогите подлежат на општествена контрола, бидејќи нивното земање преставува опасност и за поединците и за општеството.

Во Македонија злоупотребата на илегални droги станува особено загрижувачка во последниве децении, како поради масовноста, така и поради прогресивиот пат на почетната возраст на злоупотреба. Треба да се истакне дека злоупотребата на дроги е придружена со бројни негативни последици, како за личното здравје на корисникот на дроги, така и за

неговото семејство и за целото општество. Токму намалувањето на возрасната граница кога се почнува со земање дрога (постојат веќе и регистрирани зависници на 14 годишна возраст) ни дава за право да ја потенцираме огромната важност што би требало да ја имаат училиштата во превенција во зависноста од дрога, бидејќи оние кои почнуваат да земаат дрога се најчесто ученици и тоа средношколци, а во некои случаи и основци.

Наркоманијата - зависноста од дрога не е продукт на современието, имено постојат голем број докази дека од дамнина луѓето користеле различни средства, кои ја менувале нивната свест, расположение, мислење и однесување. На почетокот тоа биле билки (некои од нив и денес се користат), а денес се употребуваат и на синтетички произведени droги. Она што е алармантно е сè поголемата интравенозна употреба на дрогите, која како последица има и психичко и физичко уништување на личноста, бидејќи првите обиди за пробување се прават околу 14-тата година, кога младата личност го развива својот карактер, но е љубопитна и сака да вкуси сè што е ново и забрането. Наркоманијата - зависноста од дрога преставува прекумерно. редовно земање дроги што води кон физичка или психичка зависност, поради која поединецот што ја користи има потреба за постојано зголемување на дозата, а самото делување на дрогата предизвикува оштетување на неговото здравје, на семејството, на општеството. Најсеопфатна дефиниција за наркоманијата дава Светската здравствена организација, според која наркоманијата претставува состојба на периодично или хронично труење, штетно за поединците и за општеството, предизвикано со повторно земање на природни или синтетички дроги (Слејманов, Стојаноски, 2002).

Она што е карактеристично, а е поврзано со зависностите е личноста на зависникот и карактеристиките на зависникот. Сите современи истражувања покажуваат дека зависноста од дроги во целиот свет добива нови карактеристики, односно таа се манифестира како адолесцентна наркоманија. Слична е состојбата и кај нас. Поновите истражувања што се извршени кај нас, покажуваат дека најголемиот процент на лица-зависници се појавуваат меѓу 15-тата и 25-тата година од животот. Обземени со мислата како да дојдат до дрога, тие не покажуваат никаква општествено-политичка, спортска, културно-забавна и друга организирана активност. Најголемиот број зависници се ученици во средни училишта, но расте и бројот на зависници во основните училишта.

Она што исто така е специфично се однесува на мотивите на уживателите на дроги, односно, најголем процент од нив како причини за

почетокот на земање дроги ги споменуваат љубопитноста, проблемите во семејството, проблемите во средината, состојбата на незадоволство и немоќ, влијанието на другарите. Токму другарите се најчесто врсници од исто училиште и поради тоа е многу значајно да се потенцира улогата на училиштето во превенција на зависноста од дрога.

## Училиштето и неговата воспитна улога во процесот на социјализација на личноста

Секое училиште има несомнено значајна улога во формирањето на личноста на ученикот, а тоа го постигнува преку образовно-воспитниот процес. Секое училиште има три битни функции (Потконјак,1984):

- материјална, која подразбира стекнување знаења, развивање умешности, навики и сето тоа во смисла на совладување на наставниот материјал;
- функционална, која подразбира развивање на сите потенцијални телесни и интелектуални способности на младите луѓе, бидејќи од нив зависи продуктивноста и творештвото на сите подрачја на човековиот живот;
- воспитна, која е во служба на изградување и обликување на човековата личност со сите нејзини позитивни, хумани, интелектуални, морални, работни, естетски квалитети.

Образованието во никој случај не смее да се ориентира само кон образовната дејност, а да ја запостави воспитната функција. Воспитанието е од посебно значење во секој образовен процес, бидејќи преку него се изградува ученикот и се подготвува за живот во општеството. Воспитанието во образовниот систем треба да му помогне на ученикот да се оспособи за самостојно стекнување знаења за животот. Исто така, преку воспитниот процес се пренесуваат моралните начела, со помош на кои ученикот ќе научи што е добро, правилно, вредносно и пожелно, ќе научи морално да дејствува во секоја ситуација и преку моралните навики ќе развива позитивни својства на неговата волја и карактер. Воспитанието во училиштето треба да има посебен емоционален тон, со чија помош ќе се оспособат учениците да владеат со себе, да изградат работни навики, култура на работа, да владеат со желбата и со способноста секое започнато дело успешно да го

завршат. Ако се запостави воспитниот сегмент ќе се запостави и моралниот развој, кој е срж на воспитувањето и ќе се дојде до воспитна запуштеност, па затоа треба да се настојува да се продолжи и да се потенцира моралниот развој на ученикот, бидејќи на тој начин ќе се постигне и воспитниот ефект на училиштето.

## Улогата на училиштето во превенција на зависноста од дрога

Најорганизирана и специјализирана институција за образование и воспитание на младите секогаш било и ќе остане училиштето. Заедно со семејството, училиштето преставува најзначаен фактор за подготовка на младите за чесен, активен и создателен живот во пошироката општествена заедница. На училиштето му е доверена задачата од страна на општеството да им обезбеди на младите што поквалитетно усвојување на знаења и вештини и да направи сѐ, со цел младите потполно да формираат и да развијат морални својства, културни, работни и други општествено пожелни навики и квалитети. Без тоа нема ниту потполна, ниту правилна нивна интеграција во животот на заедницата, ниту нивно позитивно општествено обликување. Оттука, од остварувањето на задачите на училиштето во најголема мерка зависи не само личното напредување на младите, туку и нивниот општествен профил и однесување.

Имајќи предвид дека болестите на зависност, посебно зависноста од дрога, во последните десетина години доживува експанзија меѓу младата популација, треба да се оди кон вклучување на училиштата во превенција и во сузбивање на оваа девијантна појава. Во последно време, ни се случува, училишните дворови да бидат мета на дилери и зависници. За искоренување на тој проблем, училиштата треба најитно да ангажираат служби, кои ќе се грижат за безбедноста во училиштата и ќе ги контролираат училишните објекти. Посебно треба да се посвети внимание на едукација на учениците за штетноста на дрогата. Како соодветни решенија на овој проблем се организирање на континуирани кампањи, кои ќе укажуваат на штетните последици на зависноста од дрога, изнаоѓање одредени превентивни облици и методи на работа, ангажирање стручни лица од таа област, користење странски искуства. Целта е најуспешна вклученост и едукација на училиштата во превенција на зависноста од дрога.

Доколку училиштата, заедно со семејствтото, не се вклучат во превенција на зависноста од дрога, постои опасност да се случи крах на младата личност. Затоа е потребно во училиштата да се изготви стратегија за правилен морален развој на учениците и за спречување на секоја девијантна појава. Во поголем број основни училишта, програмите за штетноста од злоупотребата на дрога се остваруваат кампањски, во вид на годишни предавања за нивната штетност. Она што е потребно да се направи е континуирана едукација, а не кампањски приод. Одредени автори, кои се занимаваат со оваа проблематика, укажуваат на превентивната (примарната) улога на училиштето во превенција на зависноста од дрога, посочувајќи одредени примери како практично одредени училишта преземале мерки, но кои не се секогаш добар пример за едукација. Во најголем број случаи (Bukelič,1997), училиштата ги препуштаат задачите од подрачјето на превенција на болестите на зависност на стручни лица од страна, а тоа е така поради недоволното познавање на проблемот и личната несигурност на наставникот. Изборот на содржини за децата и младите го правеле стручни лица со разни професии надвор од просветата, а најчесто невропсихијатри, кои најдолго се занимаваат со лекување, рехабилитација и ресоцијализација на зависниците. Предавачите најчесто биле без педагошко искуство и со скромно знаење за процесите на воспитание. Таквите предавања, најчесто, не се прилагодени на децата и на младите од таа возраст (пример: предавања во стилот, кои големи уметници биле зависници, што изјавил Фелине во врска со инспиративното дејство на ЛСД и сл.), па според тоа, и воспитните расходи во тие случаи може да бидат неизвесни. Во желбата да создадат каква-таква програма за превенција од дрога, многу училишта ги воделе учениците од 5 до 8 одделение на филмски преставиги, кои иако се со одредени уметнички вредности, не обезбедуваат соодветни и посакувани воспитни пораки. Недоволно осмислената и несистематска работа со учениците, од една страна, и отсуството на сериозна работа со родителите, од друга страна, условле воспитанието во училиштето во оваа насока и во изминатиов период да биде многу мало, незаинтересирано или во потполност да изостанува.

Но денес, Педагошкиот совет на Р. Македонија има усвоено воспитно-образовна работа на ова подрачје во основните училишта, а утврдените програми се во склад со целите и со задачите на основното образование.

Воспитно-образовните задачи на училиштата се насочени кон превенција, не само како спречување на негативните појави (пред сè употребата на дрога), туку и кон развивање и унапредување на позитивните својства

на личноста. Оттука, воспитно-образовните задачи на училиштата се насочени против сите негативни појави и облици на однесување, што значи дека се насочени кон унапредување на менталното здравје, и пошироко, кон здравјето во сите аспекти. Исто така, се насочени кон целокупната личност, овозможувајќи растење, развој, активно живеење и решавање на проблемите. Поради тоа, воспитно-образовните задачи се однесуваат и на специфичната образовна превенција, која опфаќа различни облици на пренесување на точни и насочени информации за дрогата, за нејзиното дејство, за опасностите и за последиците што настануваат со нејзино земање и сл.

Со оглед на тоа дека во нашата држава не располагаме со значајни искуства за тоа која програмска ориентација дава подобри резултати, програмата е конципирана врз основа на сознанија и истражувања на експерти од Обединетите нации во оваа област и се заснова на следново:

- воспитните задачи и образовните содржини за појавите и причинителите на болестите на зависност, посебно зависноста од дрога, се интегрирани и преставуваат составен дел од програмата за здравствено воспитание и образование, со што се обезбедува училиштето со севкупните воспитно-образовни содржини (наставни и останати облици на работа) да оствари единствено влијание врз децата и младината. Содржината и оперативните задачи, кои се однесуваат на ова подрачје се интегрирани во наставните теми што имаат и други воспитни и образовни задачи. На пример, децата уште во прво одделение во рамките на наставните единици за значењето на чистиот воздух да дојдат и до сознанија за штетното дејство на разни аерозагадувачи, меѓу кои е и чадот. Во рамките на сообраќ ајното воспитание ќе научат за негативното влијание на алкохолот врз однесувањето и опасностите што настануваат кога во сообраќ ајот има алкохолизиран возач, како и за опасностите кои следуваат доколку возачите се под дејство на дрога, па така кај децата ќе се формира негативен однос спрема претераната употреба, односно злоупотребата на алкохолот и дрогата. Исто така, во рамките на наставата по хемија ќе се вклучуваат сознанија за штетното дејство на алкохолот, дрогата и други психотропни супстанции.

Во четврто одделение во рамките на наставните теми и содржини за човекот и здравјето, како и во темите за растителниот свет, кај ученикот треба да се настојува да се формира одговорен однос кон употребата на лекови. Односно, учениците треба да сфатат дека лекот треба да се зема

само со контрола на медицинско лице, а сево ова е со цел да се укаже дека апчињата (екстази), кои ги земаат младите на некои нивни забави се штетни.

Треба да се избегнува чисто или нагласен медицински пристап во интерпретација на задачите предвидени со програмата, посебно во делот кој се однесува на тоа кои видови droги постојат, како дејствуваат некои од нив, како се земаат и слично, бидејќи секоја инструкција за дрогите може да дејствува и поттикнувачки и да побуди желба за експериментирање кај љубопитните адолесценти.

Многу истражувања од оваа област што се направени во светот, покажале дека заплашувачкиот ефект на традиционалната програма е неуспешен. Истакнатите опасности предизвикале мистично доживување на дрогата, и наместо предизвикување страв, дејствувале како поттик на наклонети и загрозени.

Зависноста од дрога во воспитно-образовниот процес треба да се согледува и да се интерпретира во широк општествен контекст, како специфичен образец во одредена социо-културна средина. Она што е потребно е место забрана да се обезбеди клима, односно, младите сами да донесуваат судови за штетноста на дрогата и на психотропните супстанции и да донесат одлука дека преку нив не може да се заобиколат проблемите, кои нормално се јавуваат во животот. Тоа значи дека советите и упатствата треба да бидат насочени кон развивање самодоверба и самоодговорност. Исто така, личниот пример на наставникот-воспитувач е многу значаен. Наставник, кој е страсен пушач или наставник и кој редовно козумира алкохол многу тешко ќе ги воспитува децата да не пушат или да не пијат.

Програмата, исто така, треба да го потенцира фактот дека наставниците кои се постојано со децата се најдобри воспитувачи, бидејќи практиката покажува дека оние наставници кои добро ги познаваат учениците се најдобри воспитувачи. Наставникот, запознавајќи го ученикот, ќе изгради однос на почит и доверба со ученикот и тој го познава најефиксниот начин на пристап кон учениците и ќе може позитивно да влијае врз нивниот морален развој, од една страна, и спречување на девијантни појави, од друга страна.

Содржините на програмата се распоредени континуирано, од почетокот, односно од тргнување на децата во училиште, па низ целиот образовен процес.

Успех може да се очекува само ако на единствен начин дејствуваат сите општествени фактори значајни за процесот на воспитание и воспитно-

образовните исходи во формирањето на личноста на младите. Тоа значи дека во остварувањето на влијанието, ниту на ова подрачје, како и во сите останати сфери, кои се значајни за формирање на личноста, не е доволно само реализирање на задачите од програмата во училиштето, туку е услов координирано и единствено да дејствуваат сите општествени фактори во училиштето и надвор од него, а посебно значење има семејството, односно соработката меѓу училиштето и семејството. Оттука, училиштето, покрај обврските во наставата и другите облици на работа со учениците, има задача да го ослободи семејството активно да се вклучи во процесот на реализирање на задачите на училиштето, и истовремено, да врши постојано влијание на пошироката општествена средина и да ја координира работата со неа.

Она што е од посебно значење за училиштето, како значаен сегмент во борбата против зависностите, е вклучувањето на моралната едукација, која е несомнено значаен сегмент во образованието. Ова е посебно значајно, бидејќи моралната едукација подразбира градење реален и посакуван вредносен систем, вклучува ставови, знаења и сфаќања за правилните животни вредности, правила и норми кои исклучиво ќе го потенцираат доброто, посакуваното, пожелното и вредносното, општествено правилното, а ќе го отфрлаат негативното, лошото и непосакуваното, општествено погрешното. Моралната едукација е стабилна пречка, која ја чува и ја дистанцира младата личност од болестите на зависност, посебно од зависноста од дрога.

Голем број еминентни научници, кои се занимаваат со проблемите на образованието и зависностите, предлагаат низа мерки за вклучување на училиштето во превенција на болестите на зависност, мерки кои би биле во потполност продуктивни. Истовремено потенцираат дека во секое училиште треба да има едукативни предавања, дебати, прикажување илустративни документарни филмови со автентични слајдови, односно, годишна програма, која ќе биде насочена кон правилно воспитување на учениците, од една страна, и нивно целосно оттргнување од канџите на болестите на зависност, посебно од зависноста од дрога. Само со вклучување на сите актери во образовниот процес во борбата против зависностите (наставници, советници, стручни служби), училиштето ќе стане активен учесник во ланецот превентивни активности, а не пасивен рецептор.

**Заклучок**

Злоупотребата на опојни droги, покрај психичката и физичка зависност, доведува и до пореметување на општествените односи во семејството и во општествената средина во која живеат зависниците. Имајќи го предвид фактот дека основните причини што доведуваат до појава и до ширење на зависноста од дрога се од општествена природа, за што се доказ и променетите и неповолни општествени услови, кои доведоа до значително зголемување на оваа појава, па се наметнува и потребата од ефикасен општествен ангажман во кој би биле вклучени повеќе општествени субјекти, чиј придонес би бил неопходен за успешност во акцијата, при што од неоспорно значење е улогата на училиштето.

Во општите напори и борбата со овие општествени зла, огромна е улогата на училиштето. Таму најпрво треба да се започне со едукација, што значи воспитната дејност за овие проблеми треба да ја спроведуваат наставниците, а не екцесно да се канат експерти од поедини области. За нивно поактивно вклучување, во училиштата треба да се одржуваат посебно подготвени семинари, при што би се користеле сознанијата од државите кои постигнале позитивни резултати во борбата со зависноста од дрога.

Секако е потребно и да се направат напори младите да не посегнуваат по дрога, да не станат деградирани личности и губитници, личности кои ќ е си нанесат зло себеси, но и на семејствата и на целото општество. Кај зависноста од дрога суштествена е поговорката: „Подобро е да се спречи отколку да се лечи“, бидејќи лекувањето на зависноста од дрога е долго, чини многу и е со неизвесен крај.

Поради тоа треба да се истакне дека единствено правило во борбата против зависноста од дрога е бегање од неа, избегнување секаква ситуација што подразбира допир со недозволени средства, цврст карактер, и секако едукација во образовниот систем. Сега кога се знае дека најчесто се станува зависник од љубопитност, од притисок на другарите, од желбата да се проба нешто непознато, да се избегне од реалноста, да се доживее нешто недоживеано, треба постојано да се избегнуваат ситуации во кои се потенцира интересот и спецификите на уживањето дрога, и да се води една целосна, доброорганизирана кампања, која ќе го стави акцентот на штетноста од злоупотребата на дрога.

Првите етички норми наспроти зависностите со кои се потенцираат опасностите од зависноста од дрога гласат:

- Избегнувај ги зависностите;
- Не подлегнувај на нивниот предизвик;
- Чувај си ја својата слобода;
- Биди здрав и нормален човек.

Овие, но и други општествени норми и вредности, треба да бидат вткаени во образовниот и во воспитниот систем на секое ниво во образованието, бидејќи со помош на етичките начела ќе се успее да се изгради сестрана млада личност, правилно развиена и ориентирана, чии животни цели, приоритети и идеали ќе бидат општествено прифатени и насочени против болестите на зависност. Доколку секое образование, преку својот образовно-воспитен систем, настојува целосно да ги имплементира и да ги примени своите наставни содржини, во кои ќе имаат место моралнте норми и вредности, тој ќе придонесе за правилен развој на младата личност и само на тој начин ученикот ќе може да сфати и да научи што е општествено добро, правилно и пожелно, а што е општествено зло, неправилно и непожелно. Секоја образовна институција треба да се води од максимата дека добро и правилно изградена млада личност е предуслов за добро и развиено општество.

*(Рецензент: проф. д-р Анита Баракоска)*

## ЛИТЕРАТУРА

Арнаудовски, Љ. 1983. Предавања по социјална патологија. Скопје: Студенски збор

Berger, J. 1980. Treči roditelji. Beograd: Nolit

Bukelič, J. 1981. Droga-mit ili bolest. Beograd: Zavod za udbenike i nastavna sretstva

Bukelič, J. 1997. Droga u školskij klupi. Beograd:Velarta

Георгиевски, П. 1994. Социологија на образованието. Скопје: Сатва

Група автори. 1998. Социологија. Скопје:Студенстки збор

Жоглев, З. 2002. Социологија на образованието. Битола: Киро Дандаро

Kuševič, V.1987. Zloupotreba droga.Zagreb: Grafički Zavod Hrvatske

Mil, Dž,S. 1963. Principi etike. Beograd: Nolit

Petronijevič, B. 1983. O vrednosti života. Beograd: Nolit

Pejakovič, S., Otaševič, V. Razvoj etičke misli i moralnog ponašanja.Niš: Prosveta

Petrovič, S.2001. Droga i ljudsko ponašanje. Beograd:Partenon

Potkonjak, N. 1984. Vaspitna funkcija škole. Beograd:Savez Pedagoških društava Jugoslavije

Сулејманов, З., Стојановски, Н. 2002. Социјална патологија. Скопје:Југореклам

Темков, К. 1998. Етика. Скопје: Епоха

Špadijer-Džinič, J. 1998. Socijalna patologija. Beograd: Zavod za udbenike i nastavna sredstva

Tatjana STOJANOSKA

# SCHOOLS AS IMPORTANT FACTORS IN THE PREVENTION AND SUPPRESSION OF DRUG ADDICTION WITH YOUNG PEOPLE

## Summary

Socialization, as a process of transferring the norms and values for the preparation of young people for life in society, represents an utmost valuable mechanism for the building and forming of the individual's character and personality. The most important factors of socialization are the family and ones peers, but you certainly cannot ignore the special role of schools. The schools represent a second home for kids, an institution where the child is educated and brought up, and in situations where the family does not pay enough attention to socialization, the school is expected to fill in the gaps. By this we understand putting an accent on the educational process of schools by teachers, but also the guidance of counselors. Today, in a time of crisis, decaying of moral norms and values, weakening of the family cohesion, a rising percent of socio-pathological behavior, and especially drug addiction, the schools are required to be a factor in the fight against deviant behavior. We especially want to point out the meaning that schools have in the prevention of drug addiction because most drug addicts start abusing drugs at the age of 13 or 14, a period of adolescence and a time at which the child spends most of the time at school with peers who are mostly from the child's own class and from this comes the meaning that schools play in the fight against drug addiction.

**Key words:** SCHOOL, SOCIALIZATION, STUDENT, YOUTH, DRUG ADDICTION